Врз основа на член 30 став 1 и член 34 став 4 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07 и 15/08), Министерството за култура распишува

**ЈАВЕН КОНКУРС**

**за избор на директор на Националната установа**

**Фестивал Охридско лето - Охрид**

**I**

Покрај општите услови утврдени со закон, кандидатите треба да ги исполнуваат следниве посебни услови утврдени со Статутот на установата:

1.да имаат завршено високо образование ;

2.да имаат работно искуство од една до пет години;

3.да имаат познавање на еден од светските јазици;

**II**

Кандидатите за избор на директор на установата треба да достават и своја програма за

работа и за развој на установата, како стратегија за наредниот четиригодишен период (2011-2015), во согласност со Законот за културата, како и следниве документи (оригинал или заверен препис кај нотар):

-пријава со кратка биографија;

-доказ за завршено високо образование;

-доказ за работно искуство;

-доказ за познавање на еден светски јазик;

-уверение за забрана за вршење на професија, дејност или должност (не постаро од шест месеци).

**III**

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето.

Пријавите со Програмата и другата документација треба да се доставаат до Министерството за култура преку пошта на адреса: ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр.61 – Скопје или во Архивата на Министерството за култура, најдоцна до 16.30 часот на последниот ден од конкурсот.

Материјалите доставени на конкурсот не се враќаат.

Некомплетните и ненавремено доставени документи нема да се разгледуваат. За резултатите од конкурсот, кандидатите ќе бидат известени по писмен пат.

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА